Australian Government
Inspector-General of Taxation
Taxation Ombudsman

# Жалби за данок?



Macedonian

# Кои сме ние

Канцеларијата на главниот инспектор и правобранителот за даночни прашања (Inspector-General & Taxation Ombudsman или IGTO) е независна агенција при федералната влада којашто е одговорна да ви помага околу вашите жалби во врска со административните постапки на Австралиската даночна управа (Australian Taxation Office или ATO) и Одборот на даночни работници (Tax Practitioners Board или TPB).



1300 44 88 29
(по цена за локален повик)

# Како можеме да ви помогнеме

Ние нудиме независна, бесплатна услуга од стручно лице за даночни прашања за да ви помогнеме да добиете одговори на вашите жалби.

‘Административна постапка’ е широк поим кој во основа опфаќа правичност и разумно постапување кога управата ATO или одборот TPB работат или комуницираат со вас.

Примери за случаи кога агенијата IGTO може да ви помогне вклучуваат, но не се ограничени на следните:

- навременост при реагирање и одговарање на вашите барања;
- однесувањето на службениците на управата ATO или на одборот TPB;
- достапноста на услуги на интернет;
- гарантирање или адекватност на објаснувањата на постапките преземени од стрна на управата ATO или од одборот TPB;

www.igt.gov.au

- да се погрижиме постапките на управата АТО или на одборот TPB да бидат во согласност со нивните политики и процедури; и
- да се погрижиме комуникацијата на управата АТО или на одборот TPB со вас да биде спроведена на правичен и транспарентен начин и да ги зема во предвид сите обезбедени релевантни информации, вклучително и при вршење ревизии и истраги.

Ако не сте сигурни дали можеме да ви помогнеме, ве молиме стапете во контакт со нас.

Ако не можеме ние директно да ви помогнеме, ќе сториме сѐ што можеме да ве посоветуваме која е најсоодветната агенција или тело коишто може да ви помогнат.

GPO Box 551, Sydney NSW 2001

# Процесот на поднесување жалби

За да поднесете жалба во нашата канцеларија, ве молиме прочитајте го делот под назив “Како да стапите во контакт со нас” (How to contact us).

Откако ќе поднесете жалба, службеник за истраги од IGTO ќе стапи во контакт со вас во рок од 2 работни дена за да потврди прием на жалбата и за да разговара со вас околу тоа.

Доколку е можно ние директно ќе ви помогнеме да добиете одговори на вашата жалба.

Можеби ќе ни требаат натамошни информации од вас, од управата ATO или од службата TPB за подобро да ја разбереме вашата жалба и за да утврдиме како најдобро можеме да ви помогнеме.

Редовно ќе ве известуваме за напредокот и ќе ве известуваме за временските рамки на нашата истрага во текот на целиот процес.

# Како да стапите во контакт со нас

**www.igt.gov.au**

**1300 44 88 29**
**(по цена за локален повик)**

**GPO Box 551**
**Sydney NSW 2001**

Доколку сакате да поднесете жалба на јазик што е различен од англискиот јавете се во Преведувачката служба (Translating and Interpreting Service или TIS) на **131 450**.

Доколку имате оштетен слух или говор и имате пристап до уред за пишување пораки (TTY) или до некоја современа опрема, јавете се на **13 36 77**.

Доколку немате пристап до уред за пишување пораки (TTY) или до некоја современа опрема, јавете се на релејната служба за поврзување (Speech to Speech Relay Service) на **1300 555 727**.